**ООУ"ДРАГА СТОЈАНОВСКА"С.РАКОТИНЦИ-СОПИШТЕ**

**SH.F.Q"DRAGA STOJANOVSKA"f.Rakotincë-Sopishtë**

---

# З А П И С Н И К

од конститутивната седница за избор на Ученички парламент

Дневен ред:

1. Презентирање на дел од законот и водичот за ученичко организирање
2. Разгледување на предлог програмата за работа на Ученички парламент
3. Избор на претседател, заменик претседател и секретар.

На ден 25.12.2020г со почеток во 16:00 часот и траење до 17:00 е одржан состанок на алатката за онлајн настава Тимс со учениците претседатели на паралелки по одделенија со цел избор на Училишен парламет. На состанокот присуствуваа директорката на училиштето, педагогот, психологот и 3 наставници (координатори) како набљудувачи на процесот без право на глас, и претседателите на паралелките од 4,5,6,7,8 и 9то одделение од сите подрачни училишта.

Во однос на првата точка од дневниот ред учениците беа запознаени со делот од Законот за основно образование кој се однесува на избор на ученички парламент и негова надлежност, како и водичот за ученичко организирање;

Во однос на втората точка беше презентирана предлог програмата за работа на ученички парламент;

Во однос на третата точка од дневниот ред се објасни начиност на избор и се премина на предложување  кандидати за избор за претседател, заменик претседател и секретар на Училишен парламент од страна на присутните ученици.

Предложени кандидати за претседател беа учениците: Мила Стојковска, Ахмед Ибраимовски, Канита Мерсимовска и Анастасија Стојановиќ. Од предложените кандидати се премина на гласање при што Мила Стојковска доби 4 гласа, Ахмед Ибраимовски доби 2 гласа, Канита Мерсимовска доби 5 гласа  и Анастасија Стојановиќ доби 7гласа.Во согласност со добиените резултати за **Претседател на Ученички парламент** е избрана ученичката Анастасија Стојановиќ од 8а одд, Централно училиште-македонски наставен јазик.

Предложени кандидати за заменик претседател беа: Еда Зејниловска, Канита  Меримовска, Зубејда Јусфу и Ќериме Исмаили. Од предложените кандидати се премина на гласање при што Еда Зејниловска доби 4 гласа, Канита  Меримовска доби 6 гласа, Зубејда Јусфу доби 3 гласа и Ќериме Исмаили доби 3 гласа. Во согласност со добиените резултати за **Заменик претседател на Ученички парламент** е избрана Канита Мерсимовска ученичка во 9 одд.с.Чифлик-албански наставен јазик.

Предложени кандидати за секретар беа: Мила Стојковска, Јубејда Јусуфи, Ќериме Исмаили и  Еда Зејниловска. Од предложените кандидати се премина на гласање при што Мила Стојковска доби 4 гласа, Јубејда Јусуфи доби 2 гласа, Ќериме Исмаилидоби 3 гласа и  Еда Зејниловска доби 5 гласа. Во согласност со добиените резултати за **Секретар** е избрана Еда Зејниловска ученичка во 9 одд.с.Држилово-турски наставен јазик.

Состанокот беше завршен во 17:00 часот.